# 1. КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

**Општи напомени**

Со куќниот ред се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во Училиштето;
Според Законот за средно образование и воспитание, како и Статутот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите облици на воспитно-образовна работа, а истовремено имаат и обврски кои што треба да ги исполнуваат и почитуваат.
1. Училиштето работи во една смена и наставата се изведува од 7.30 – 14.25.
2. Учениците доаѓаат на настава најдоцна пет минути пред почетокот на наставата.
3. По завршување на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда, освен во случај на вonнаставни активности.
4. Учениците не минуваат низ службениот влез на училиштето.
5. Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат исклучиво преку класните раководители (потврди, уверенија и сл.)
6. Ученикот како субјект во воспитно-образовниот процес да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.
7. Учениците да ги почитуваат законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко.
8. Секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики, да внимава на својот морален лик.
9. Да се почитуваат аргументите на другите и да не се даваат непристојни коментари.
10. Секој ученик треба да биде ценет како личност без огледа на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповед и социјална положба.
11. Ученикот да има совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето.
12. Да ја почитува личноста на своите соученици, наставници и родители и да ја цени меѓусебната зависност на индивидуи и групи
13. Ученикот кој од оправдани причини ќе задоцни на настава до пет минути, предметниот наставник е должен да го прими на часот, да евидентира во дневникот дека задоцнил, а кл. раководител да го регулира изостанувањето. Подолго изостанување од часовите нема да се толерира, односно на ученикот нема да му биде дозволено да влезе на часот.
14. Во случај кога наставникот од било која причина не е на часот подолго од 10 минути, потребно е дежурниот ученик да ја извести стручната служба, заради регулирање на часот.
15. Додека трае часот, забрането е излегување од часот и шетање низ ходници за да не се наруши текот на наставата.
16. За време на наставата потребно е во училишната зграда да има работна дисциплина.

17. Се забранува групно и индивидуално напуштање на часови. Поради истото на учениците ќе им бидат изречени педагошки мерки. Заради групно или индивидуално напуштање на часови, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки.
18. Должност на сите ученици е да ја одржуваат хигиената во училниците, ходниците и тоалетните простории.
19. Најстрого е забрането пушење во училиштето и училишниот двор и внесување на дрога и алкохол.
20. Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста и угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето;
21. Најстрого се забранува предизвикување на тепачки, а меѓусебните недоразбирања учениците да ги решаваат на другарски начин, сами или во рамките на класови, во соработка со раководителот на паралелката.
22. Должност на сите учениците е културно и домаќински да се однесуваат кон училишниот имот, кабинетите, компјутерите, училишниот инвентар, инсталациите и сл. Секоја направена штета ќе се надокнади, а за одредени штети се изрекуваат педагошки мерки според Статутот на училиштето.
23. Должност е на сите ученици за време на одморите да внимаваат на хигиената во холот на училиштето и во училишниот двор (отпадоци, отпушоци да бидат фрлани во соодветни корпи за одпадоци)
24. Забрането е да се пишува во зградата на училиштето;
25. Најдоследно да се почитува правилникот за употреба на учебниците, а тоа значи:
- На почетокот на учебната година, сите ученици ќе добијат комплет бесплатни учебници.
- За истите ќе потпишат документ за што се обврзуваат да ги вратат во исправна состојба.
- Учениците не смеат да ги оштетуваат, бележат и подцртуваат одредени реченици или делови од текстот на учебникот.
- По завршувањето на наставната година, учениците се должни да ги вратат учебниците неоштетени и во добра состојба.
- Ако ученикот не го врати комплетот на учебници или го врати оштетен, неговиот родител односно старател ќе ја надомести вредноста на комплетот на учебници во висина од 70%.
- Секој ученик, во моментот на добивање на комплетот бесплатни учебници ќе добие и список на нумерирани книги што ги содржи комплетот, упатство за нивно користење, за одговорност при оштетување, уништување или губење на учебникот.
- Степенот на оштетување на учебниците ќе го утврдува комисија формирана од страна на директорот.
26. Посебно место во животот и работата на учениците во училишната зграда треба да зазема развивањето на еколошката свест и чувањето на работната средина во и надвор од училиштето.
27. Забрането е користење мобилен телефон за време на часовите, истиот мора да биде исклучен.
28. Изостанувањата учениците, нивните родители ги оправдуваат во рок од три дена.
29. Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени.
30. Пофалбите, дипломите на наградените ќе им бидат доделувани на крајот на наставната година.

## 2. ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**2.1.Однесување на ученикот во училница и на час**
- Влегува навреме по звукот на ѕвончето;
- Носи пристојна облека соодветна за училиште, по што не се издвојува од другите соученици;
- Со своето совесно и коректно однесување придонесува за дисциплината на часот
- Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици;
- Не вклучува и користи мобилен телефон или уреди со слична технологија
- Не внесува храна и пијалаци во училницата
- Не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот;
- Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици;
- Се грижи за личната и хигиената во училницата и одговорно се однесува кон целокупниот инвентар во училницата и ѕидовите;
- За време на писмени работи, тестови, испити се однесува коректно и чесно
- Носи потребен прибор и материјали за полна подготвеност на часот

**2.3 Однесување во училишниот двор и училишната зграда (холот, тоалетите,бифето) ученикот:**
- совесно и одговорно се однесува кон училишниот имот и материјалните добра во и надвор од него (не уништува, не крши, не испишува графити или натписи со слични содржини)
- достоинствено и пристојно се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето
- внимава и се грижи за личната и хигиената на училиштето, фрла отпадоци на определено место;
- се движи по дефинирани патеки и седи на места предвидени за тоа
- се грижи за зеленилото во дворот
- не консумира и не поседува, алкохол, цигари и други наркотични и токсични супстанци
- креира пријатна училишна атмосфера со својот говор, држење и однесување
- не поседува предмети и супстанци кои можат да ја загрозат личната и безбедноста на другите лица
- навреме доаѓа во училиште и навреме влегува на час
- коректно и непристрасно пријавува инциденти или насилства до лица од училишниот персонал
- не применува психичко, физичко и вербално насилство врз други лица
- ја почитува приватната сопственост и сопственоста на другите (не краде и не поседува туѓи предмети)
- има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди сопствената и туѓа личност
- несебично помага на лица со инвалидитет или со посебни потреби

**2.4 Однесување на ученикот во училница со компјутери**
- седи на место предвидено за ученици;
- користи компјутер само со дозвола на наставникот и по завршеток на работата го исклучува;
- совесно и одговорно се однесува кон компјутерите, опремата и при работа на неговиот компјутер;
- се грижи за исправноста на опремата и сите проблеми ги пријавува кај наставникот;
- користи Интернет само за потребите на наставата и со дозвола на наставникот;
- не снима, игра или врши други активности кои ја попречуваат работата на часот;
- лично е одговорен за сите податоци кои ги остава на прелистуваните ВЕБ страни;
- не презема самоиницијативно поправка на дефекти на опремата (само со дозвола на одговорно лице).

**2.5 Однесување на ученикот во лабораторија (кабинет по физика, хемија , биологија или машинство) ученикот:**
- внимава на целокупната опрема во лабораторијата
- нема пристап до супстанци, уреди или др. апаратура без дозвола на наставникот;
- се грижи за хигиената во лабораторијата и по завршеток на активностите го средува работното место;
- не користи запалки и друг вид на запаливи и токсични материјали;
- внимателно го истура отпадот на места предвидени, според стандарди, за тоа;
- внимателно следи инструкции од наставникот за време на експериментирање во училницата.

**2.6 Однесување на ученикот во соблекувална, спортска сала и спортски терени**
- носи спортска облека (дрес, тренерки, патики..) назначена од наставникот;
- во соблекувална се соблекува и облекува и таму ги остава своите работи за време на часот;
- одговорен е за безбедноста на своите и туѓи работи оставени во соблекувалната додека е во сала;
- во сала или на спортските терени влегува исклучиво во спортска облека;
- внимава на спортските реквизити и на целокупната опрема во салата и на терените
- при повреда го известува одговорниот наставник;
- часот завршува кога наставникот ќе соопшти дека истиот завршил;
- коректно и спортски се однесува за време на натпреварите или друг вид спортски игри
- се грижи за личната и хигиената во салата и соблекувалната.

**2.7 Во училишната библиотека ученикот:**
- се зачленува во библиотека за да позајмува потребна литература;
- зема книги и друг материјал само со потпис на одговорно лице – библиотекар;
- во предвиден рок ја враќа земената литература на одговорното лице;
- совесно и одговорно се однесува кон земениот материјал (не го уништува, не шкрта ..)

**2.8 Во административни простории (наставничка канцеларија, канцеларијана директор, педагог, специјален едукатор, секретар и благајник) ученикот:**
- внимава на својот речник и држење;
- ги поздравува присутните и ги искажува своите барања;
- не влегува без дозвола на присутно лице (наставник, директор, секретар, стручна служба)

Драги ученици!
Ви благодариме за вашиот одговорен однос и почитување на Кодексот на однесување. На тој начин, давате свој придонес во градењето на позитивна училишна клима во училиштето.

**3. ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

- Наставникот навремено влегува на час;
- Наставниците редовно вршат дежурства во својот клас и според списокот на дежурни наставници;
- Наставниците редовно и задолжително водат евиденција на дневна основа за присуство на учениците со запишување на отсутни ученици во графата во дневникот одредена за тоа;
- се однесува и говори на достоинствен начин;
- ја почитува личноста и достоинството на учениците, родителите и сите вработени во училиштето;
- не ја користи својата професија за лични интереси;
- одговорно и совесно ја реализира наставната програма;
- се грижи за безбедноста на учениците и несебично помага во дадени ситуации;
- води грижа за својот изглед, личната хигиена и хигиената во училиштето;
- го почитува работното време и ги реализира барањата на воспитно-образовниот процес во рамки на наставниот предмет кој го предава;
- се грижи за компјутерската и друг вид на опрема на училиштето;
- промовира респектабилен однос кон родителите, колегите и други надворешни лица од заедницата.

**4. ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛОТ ВО УЧИЛИШТЕТО**

- редовно се информира за напредокот и поведението на ученикот (род.средби, средби со предметни професори и сл.);
- на влезот на училиштето се легитимира и најавува;
- доаѓа во училиштето во договорен термин за средба со класен раководител, предметен наставник, директор или стручната служба;
- искрено, совесно и одговорно го информира наставникот за секоја настаната ситуација во врска со ученикот;
- не влегува во училница за време на час;
- соработува со наставниците;
- со свои ставови и знаења помага во креирањето на политиката на училиштето.